# Златна бубамара на популарноста: Македонија пред вратата на НАТО



*Лани публиката во Универзална беше воодушевена од настапот на Тоше во живо со песната "Кери" од "Јуроп"*

Единаесеттото издание на манифестацијата "Златна бубамара на популарноста" ќе се одржи на 21 февруари во Универзалната сала.

Шоуто секоја година го организира скопското радио "Бубамара" и ги наградува најпопуларните на македонската естрада во минатата година.

Годинава организаторите Ранко Петровиќ и екипата на радиото "Бубамара" откриваат дека рекламниот спот за манифестацијата ќе завршува со слоганот: "МКД пред вратата на НАТО, Слобода за Македонија - Слобода за Бубамара". Од радиото не сакаат да го откријат сценариото во интерес на што поголема забава и изненадување за публиката.

***(З. В.)***